**20101322678**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 51 став (1) од Законот за ветеринарно-медицински препарати („Службен весник на Република Македонија" бр.42/2010), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ЗАБРАНА ЗА ПРОИЗВОДСТВО, УВОЗ, ПОСЕДУВАЊЕ, ПРОДАЖБА, СНАБДУВАЊЕ И/ИЛИ УПОТРЕБА НА ОДРЕДЕНИ ВИДОВИ ВЕТЕРИНАРНО-МЕДИЦИНСКИ ПРЕПАРАТИ

Член 1

Се забранува производство, увоз, поседување, продажба, снабдување и/или употреба на ветеринарно медицински препарати наменети за апликација кај фармски животни за производство на производи за исхрана на луѓето и аквакултура, и тоа:

1) Тиростатски супстанци;
2) Стилбени, деривати на стиблени, нивни соли и естри;
3) Естрадиол 17 β и деривати на неговите естри;
4) β-агонисти;
5) Стероиди;
6) Кисели лактони на Резолинот вклучувајќи го и зеранолот; и
7) Фармакошки активни супстанции за кои не може да се одредат максимално дозволени нивоа, и тоа:

- Chloramphenicol;
- Chloroform;
- Chlorpromazine;
- Colchicine;
- Dapsone;
- Dimetridazole;
- Metronidazole;
- Nitrofurans (вклучувајќи и furazolidone); и
- Ronidazole.

Член 2

(1) Се забранува терапевтски третман на животни наменети за производство и на приплодни животни кои се на крај на нивниот репродуктивен живот.

(2) Без исклучок на член 3 став (3) од ова решение, се забранува зоотехнички третман на животни наменети за производство, вклучувајќи го и периодот на товење кај приплодни животни на крај на нивниот репродуктивен живот.

Член 3

(1) Забраните од член 1 од ова решение не се однесуваат на апликација во терапевтски цели, на тестостерон и прогестерон и нивни деривати кои веднаш по апсорпцијата се хидролизираат на самото место на апликација, од страна на доктор по ветеринарна медицина со инјектирање или за третирање на дисфункција на јајници во форма на вагинални спирали освен импланти кај фарсмки животни кои се јасно идентификувани.

(2) Забраните од член 1 од ова решение не се однесуваат на апликација во терапевтски цели од страна на доктор по ветеринарна медицина, или под негоива директна одговорност, на одобрените ветеринарно-медицински препарати кои содржат allyl trenbolone даден орално или β–агонисти кај копитари доколку се користат во согласност со упатството на производителот.

(3) Забраните од член 1 од ова решение не се однесуваат на апликација во терапевтски цели од страна на доктор по ветеринарна медицина на β-агонисти, во форма на инекција за поттикнување контракции кај крави при телење.

(4) Забраните од член 1 од ова решение не се однесуваат на апликација од страна на доктор по ветеринарна медицина за зоотехнички цели на ветеринарно-медицински препарати кои имаат естрогено (кои не се Естрадиол 17 β и деривати на неговите естри), андрогено или гастагено дејство кај фарсмки животни кои се јасно идентификувани.

(5) Забраните од член 1 од ова решение не се однесуваат на апликација од страна на доктор по ветеринарна медицина за зоотехнички цели на ветеринарно-медицински препарати кои имаат андрогено дејство кај младите риби кои се лекуваат во првите три месеца од животот за целите на промена на полот.

Член 4

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 11-3697/2
30 септември 2010 година
Скопје

Министер,
**Љупчо Димовски**, с.р.